ADING
состојка на секоја градба

# КОМПЛЕКСИНГ С

*Адитив за бетон и малтер, за спречување сегрегација и издвојување на водата од бетонот „крварање на бетон“*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

- За стабилизација на бетон со течна конзистенција;
- За саморазливни малтери;
- За самозбивачки бетон (SCC);
- За бетони и малтери склони на сегрегација поради недостаток на фини честички;
- За стабилизација на лесни бетони и подобрување на нивната пумпабилноста;
- За течни малтери наменети за порамнување на хоризонтални бетонски површини;
- За сите типови пумпани бетони;
- За подводно бетонирање;

## СВОЈСТВА

- Спречува или значително ја намалува можноста за појава на сегрегација кај течните бетонски мешавини;
- Спречува одвојување на водата од бетонските површини (bleeding);
- Служи како стабилизатор кај саморазливни бетони без намалување на конзистенцијата;
- Подобрување на пумпабилноста на свежиот бетон кај лошо гранулирани мешавини;
- Ја анулира осетливоста кај SCC и разливни бетони од промена на влага и промена на ситни честички;
- Намалува можност за појава на пукнатини при бетонирање масивни бетонски пресеци;
- Го намалува собирањето на бетонот при контакт со вода (за подводно бетонирање);

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | Визуелно | Транспарентна течност |
| Запреминска маса (на 20ºC) | ISO 758 | (1.02±0.02) g/cm3 |
| pH вредност (на 20ºC) | ISO 4316 | 5-7 |
| Содржина на хлориди | EN 480-10 | < 0.1% |
| Содржина на алкали | EN 480-12 | < 0.5% |

## ДОЗИРАЊЕ И ПЕРФОРМАНСИ:

Оптималната дозажа на Комплексинг С изнесува од 0,1 % до 0,5 % од масата на цемент на $m^3$ бетон. Доколку се појави потреба од зголемување на дозажата (> 0,5 %), потребно е да се направат претходни испитување на бетонски мешавини. Процентот на дозирање зависи од бараниот вискозитет на свежиот бетон. Дозирањето на адитивот се прави рачно или со автоматски дозатор. Препорачуваме адитивот да се дозира заедно со водата предвидена за подготовка на бетонот. Времето на мешање на свежиот бетон со адитивот Комплексинг С треба да се зголеми за 50 – 100 % во однос на времето на мешање на бетонот без адитив.

## КОМПАТИБИЛНОСТ

Комплексинг С е компатибилен на сите типови пластификатори и суперпластификатори на база на лигносулфонати, нафтален сулфонат и поликарбоксилати од производната програма на АДИНГ.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

www.ading.com.mk

Доколку во бетонската мешавина се користат истовремено два или повеќе адитиви, потребно е да се направат претходни пробни испитувања. Дозирањето на различни адитиви се прави оддлено, односно забранeто е меѓусебно мешање на адитивите пред вградување во бетонската мешавина.

Компелксинг С е компатибилен со сите сите типови порланд цемент, вклучувајќи ги и сулфатно отпорните цементи.

## ПАКУВАЊЕ

Пластични канти: 5 и 20 kg
Буриња: 200 kg
Контејнери: 1000 kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оргинално пакување на температура од 5°C до 35°C. Рок на употреба: 6 месеци.

CE
2032

АДИНГ АД Скопје,
Новоселски пат (улица 1409) бр.11
1060 Скопје, Северна Македонија

20

GANA001/3

EN 934-2:2009+A1:2012

**КОМПЛЕКСИНГ С**

Адитив за бетон, модификатор на вискозност

EN 934-2:T13

| | |
|---|---|
| Содржина на хлор јони | **≤ 0,1% по маса** |
| Содржина на алкалии | **≤ 0,5% по маса** |
| Корозивно делување | **Содржи компоненти само од EN 934-1:2008, Анекс A.1** |

Опасност по здравјето: Комплексинг С не содржи токсични материи, но и покрај тоа потребно е да се внимава материјалот да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Во случај на контакт со кожа или со очите, потребно е веднаш плакнење со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Запаливост: Комплексинг С е незапалива течност. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Комплексинг С се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk